К3909



РАЗГОВОР СО ЛУЈ КАН, СЛИКАР ЧИЈА РЕПРОСПЕКТИВА „ТЕЧЕ“ ВО МСУ

# Со уметноста сум во гостољубие

***● КАКО ЧОВЕК ВО ОДНОС НА УМЕТНОСТА БИ САКАЛ ДА УЖИВАМ ВО ЗАДОВОЛСТВОТО ШТО УМЕТНОСТА БИ МОЖЕЛА ДА ГО ДАДЕ – БРЗИНА, ЛЕЖАРНОСТ, ДОБРО РАСПОЛОЖЕНИЕ, И БЕЗ ДРАМА***

***● ДЕНЕС ДА СЕ БИДЕ АНГАЖИРАН ЗНАЧИ ДА СЕ ОДИ ВО ОДБРАНА НА ДОБРИОТ ВКУС***

**„Луј Кан, уметник сликар“ е текстот што како штембил во сина и црвена боја се протега на ленти на едно огромно платно, поставено на зидот без рамка. Таа слика авторот, светски реномираниот француски сликар Луј Кан, ја создал во 1967 година, на почетокот од својата уметничка кариера, со цел, како што вели „да го реафирмира субјектот, личноста на уметникот, но и од шега“.**

Деновиве, триесет години подоцна, во скопскиот Музеј на современа уметност под истиот наслов е претставена ретроспективната изложба на овој уметник, сликар, скулптор и теоретичар, еден од основачите на француското движење „Supports – Surfaces“ во 70-те, кое се спротиставува на француската традиција и модернистичките канони, со мотото „Објект на сликарството е самото сликарство“. Критиката го нарекува 54 – годишниот Кан „Моне на постмодернизмот“, автор чија цел е да ја претвори самата слика во центар на ликовното случување, а сликарството во задоволство.

**● За овие 30 години творештво, што се обидувате да откриете во сликарството?**

– Најмногу ме интересира со мојата уметност заедно да живеам на еден пријатен начин, да бидам со неа во состојба на гостољубие, на добро расположение. Не се



служам со мојата уметност за да афирмирам некаква драматична мрачна судбина или некаква внатрешна драма што би сакал да ја откријам. Како човек во однос на уметноста би сакал да уживам во задоволството што уметноста би можела да го даде – брзина, лежерност, добро расположение, и без драма. Не е тоа однос на нихилизам, туку однос на задоволство.

**● Актуелни се мислењата дека уметноста се наоѓа во сериозна криза. Како автор и теоретичар, што мислите вие за тоа, и дали би можеле да ги согледате тенденциите на развојот на уметноста што ќе ја внесат во следниот милениум?**

– Сметам дека постои криза воопшто, на културен план. Тоа доаѓа до квазирелигиозното верување дека судбината на уметноста е во модерната – идеологија според која судбината на уметноста е осигурана ако станува сè повеќе модерна. Мислам дека не може да има некаква трајна школа на мисли, туку сè повеќе ќе има индивидуалности. Во секоја земја има барем по 2-3 одлични уметници, секој со својата работа открива една своја интелигенција или однос со светот кој би можел да се оквалификува како сосем задоволителен. Несомнено е дека Пикасо беше генијален, сликар што го обележа овој век, потоа Миро, Де Кунинг, Џаспер Џонс, можеби Кан, Базелиц – тие се можеби претставници на одредена сликарска традиција. Јас не сметам дека Бојс може да биде нешто друго освен сведок на прифаќањето на модерната уметност од страна на Германија. Тој има силно влијание врз помладите, врз оние што прават инсталации и слични нешта што како торти им се фрлаат в лице на институциите и академизмот, и кои се сè уште во таа инфантилна состојба на духот сметајќи дека треба да ја плашат буржоазијата со некакви глупости.

**● Како вие ја разбирате ангажираната уметност?**

– Мене Енди Ворхол ми се чини поангажиран уметник од Бојс. Ворхол се наоѓа повеќе на позитивната страна од животот, додека Бојс ги одржува нихилизмот и негацијата, што се две нешта што многу им се допаѓаат на музеите и кустосите и во таа смисла тоа веќе е еден лош знак. Од друга страна тоа не е уметност која оди кон тешкотијата – и гледано од хуманистичка гледна точка, тоа е форма на уметност која не ги користи сите поединечни, индивидуални својства на човекот. Во некакви гранични размислувања, би рекол дека Бојс е типично муслимански уметнк – тој самиот упаѓа во гомна, а го создава мислењето дека другите го турнале и го држат таму. Тој е дегажиран а не ангажиран уметник.

**● Се сметате ли себеси за ангажиран уметник?**

– Да, јас сум многу ангажиран, но не станува збор за ангажман од политички карактер. Денес да се биде ангажиран значи да се оди во одбрана на добриот вкус.

**● Се согласувате ли со мислењата дека историјата на современата уметност всушност е историја на западната уметност?**

– Се работи за проблем од светски карактер. Се чини на нашата планета, во светски размери, единствената уметност која се развива со голема брзина, во добра и во лоша насока, е западната уметност под католичко влијание. Тоа е цивилизацијата на сликата. Одредени исламски земји ја прифаќаат, како и земјите од Азија, каде се создава уметност од западен карактер.

**● Каде е во тој контекст местото на уметноста од источноевропските земји, или другите мали земји чија традиција се развивала сосем поинаку од западната. Каква е, во таа смисла, врската меѓу Истокот и Западот?**

**– Што се однесува до земјите во Источна Европа, јасно е дека тука има некаква одживеана драма од која нис сите денес излегуваме многу ослабнати. Тоа се однесува на источноевропските земји но и на западните, како Франција, на пример, чија култура поради комунистичкиот период не се рефлектирала во земјите од Источна Европа така како што беше во 18 век. Тоа остава слободен простор за влијание на една култура – американската – која е од типот на флеш.**

**М. Костова**

## КАН ПОДАРИ СЛИКА НА МСУ

Колекцијата на Музејот на современа уметност од вчера е збогатена за уште едно дело од реномиран современ автор: Луј Кан, по повод својата изложба, на МСУ му подари слика од циклусот „ЛОТОСИ“ создадена во 1997 година.

Во колекцијата на МСУ, селекцијата на дела од француски автори е една од најсилните.